Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен Весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 89/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 и 44/15), Меѓуопштински одбор за управување со отпад на Скопски плански регион на ден 28.09.2016 година, донесе:

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ „Регионален план за управување со отпад за Скопски плански регион" кој го донесува Советот на општините, на предлог на Меѓуопштински одбор за управување со отпад потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи кои се засегнати од имплементацијата на планскиот документ „Регионален план за управување со отпад за Скопски плански регион" се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локалната самоуправа, Јавните комунални претпријатија кои постапуваат со отпад во општините, Институт за јавно здравје, Министерство за здравство, Центар за развој на Скопскиот плански регион, невладините организации кои делуваат во областа на заштита на животна средина со седиште на подрачје на Скопски плански регион.
3. За планскиот документ Регионален план за управување со отпад за Скопски плански регион, за чија изработка е одговорно Министерството за животна средина и просторно планирање, а го донесува Советот на Општините на Скопски плански регион, донесувањето на планскиот документ Регионален план за управување со отпад за Скопски плански регион ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: идентификување на можните влијанија врз медиумите и областите во животната средина, со посебен акцент на влијанијата врз почвата, водите и воздухот, како и здравјето на луѓето. Извештајот треба да предвиди мерки за надминување за секое идентификувано влијание, како и да определи мерки на следење на влијанијата.
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општините од Скопски плански регион, Министерството за животна средина и просторно планирање, Центарот за развој на Скопскиот плански регион: http://www.skopjeregion.gov.mk/mk/.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Име и презиме
Коце Трајановски с.р.

Бр. 0802-23/15
Место Скопје